# 1018: ПОТОА

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА

Целта на мојава тема насловена 1018: потоа е да ги разгледа промените кои настанале како последица од падот на Самуиловото царство, барајќи ги причините за нив во реалната ситуација во покорените области, во Византија но и во меѓународните релации. Потоа како овие промени понатаму влијаеле врз светогледот, терминологијата, интерпретациите на минатото во изворите. Поради краткото време сега повеќе ќе се задоволам да ги маркирам, оставајќи ја детаљната анализа за финалната статија.

Падот на царството на Комитопулите претставува пресвртен настан во историјата на Балканот, кој ќе има длабоки политички, социјални, економски, но и психолошки и дури идентитетски последици. За овој голем успех за Византија ќе допринесе мирот на нејзината источна граница после 1000 г. кој и дал ретката можност да ја сконцентрира сета своја сила на еден фронт, против Самуил.  Но дури и така целата ромејска воена сила комбинирана со сите дипломатски и финансиски можности на империјата и исклучителната надареност на Василиј II можеле и да се покажат недоволни, ако не биле помогнати од внатре - од раздорот во владетелскиот род на Комитопулите.

Колку и тешка задача да било покорувањето на тоа царство уште потешко остварлива се јавувала за Византија задачата да наметне стабилна и трајна контрола врз големиот освоен простор. Таа реално немала ниту воена, ниту административна, ниту политичка, а ниту економска сила да го постави целиот овој регион под своја директна и стабилна контрола. Тоа веќе еднаш се покажало во времето на пропаста на бугарското царство во 970-те, така што Василиј го имал овој пресен историски пример пред своите очи, кога ја креирал новата реалност на Балканот.

Падот на Самуиловото царство во 1018 г. ќе ја исправи Византија пред два вида проблеми – едните, како да ја интегрира освоената територија и нејзиното население, а вторите биле од геостратегиски карактер – Византија добила нови и поопасни соседи и нови подолги и оддалечени граници што требало да ги брани.

**2. Проблемот со наметнување на власта**

Имено затоа што и немала капацитет за наметнување цврста контрола, макар елитата на Комитопулите, да не се предала организирано и со поставување услови, туку хаотично и поединечно, сепак Василиј ќе ѝ даде многу поволни услови, кои реално ќе доведат до нешто што многу повеќе потсеќа на заемно-прифатлива спогодба отколку на капитулација.

Во тоа тој ги искористил старите традиции на Византија на придобивање и соработка со локалните елити. Наспроти модерното разбирање за губење независност и наметнување туѓа власт, империјата често преферирала особено во периферни и недоволно ромеизирани области да воспоставува посредна власт преку локалните моќници.

Со таа „спогодба“:

- светската елита ги зачувала своите привилегии и не била поставена во подредена положба во споредба со ромејската, туку била направена рамноправен дел од истата, со свои претставници во непосредната околина на царот. Најкрупните од нив станале дел од дворот - имаме еден магистер, ... патриции, ....

- црквата реално ги зачувала своите права. практики и традиции, а епископите - своите привилегии во економски и административен план.

- народот: ист даночен систем и исти даноци како порано;

~~Реално компромисот содржел максимално зачување на правата и привилегиите и постоечките механизми од времето на Самуил.~~

Преку овие мерки, како и преку административното оформување на освоената територија во црковна диецеза и административен реон, реално се создава зона со специјален режим на границите на империјата. Таа ги опфаќала териториите кои покажале највисока степен на лојалност спрема Комитопулите и дале најсилен отпор против Василиј: најопшто тоа е просторот од Белград до Струмица и од Тесалија до Сердика.

Системот воспоставен од Василиј правел потчинувањето повеќе да изгледа како вклучување. За покорените многу малку реално се сменило во секојдневниот живот и особено за обичниот народ, кој и понатаму си имал работа со истата политичка и црковна елита со која и порано, а и јазикот во црквата исто така не се сменил.

Преку направените компромиси Василиј ги избегнал сите можни причини за конфронтација со елитата, црквата и населението; ја претворил највисоката елита одведена во Константинопол или на источните граници на империјата во заложници и гаранти за лојалноста и соработката на нивните клиенти во татковината. Црквата пак ќе биде привлечена како поткрепа на администрацијата и дополнителна гаранција за лојалноста на населението. Така елитата и црквата се претворени од потенцијална опозиција, во соработници во одржувањето на византиската контрола во освоените области.

Колку добро се вклопила оваа аристократија во ромејската елита пример ни е магистер Прусијан, синот на Јован Владислав, кој се обидел после само десетина години самиот да стане император со помош на Теодора. Колку кревка и зависна била византиската власт од поддршката на локалната елита и неутралитетот на населението јасно се видело при востанието на Делјан две децении подоцна.

**3. Надворешната опасност**

Потребата од овие компромиси за придобивање на населението, црквата и елитата се должи не само на недоволниот капацитет на Византија за наметнување на стабилна контрола, но исто и на ранливоста на освоените територии, кои сега се јавуваат гранични за Византија наспроти опасни и силни соседи како Унгарија или Германија.

Лошите односи со Германија и папството се јавуваат голема потенцијална опасност која виси над постигнатото не само на Балканот, туку и во Италија. Унгарија исто е во најтесен сојуз со Германија преку бракот на кралот Стефан со сестрата на германскиот император. Уште полошо, смртта на големиот сојузник на Василиј – рускиот кнез Владимир во 1015 г., и борбите околу неговото наследство меѓу 1015 – 1019 не само го оставаат Василиј без клучен сојузник, туку и создаваат реална опасност на власт во Киев да дојде прозападен и антивизантиски кнез. Во 1018 – 1019 г. положбата на Запад за Византија е повеќе од загрижувачка, а нејзината позиција е изолирана и ранлива.

Многу од чекорите кои ќе се преземаат од Василиј ќе бидат во правец да се осигура подобра заштита на освоеното.

Дел од тоа е создавање на тампон зона во Западниот Балкан – Срем, Рашка, Босна, Хрватска. Преку неа зоната со особен режим ќе биде опколена со кнежевства кои ја признаваат власта

на Византија и чии владетели добиваат титули и субсидии од империјата и се природно заинтересирани да ја поддржуваат неа наспроти секој еден кој би сакал да ги потчини. Така невизантискиот дел на Балканот после победата на Василиј е организиран во две зони со различна степен на потчинетост и обврзаност со Византија.

Една од тезите кои ќе биде развиена во статијата ќе биде исто дека меѓународната положба влијаела и врз развојот на црковната организација на Балканот, но тоа многу интересно прашање, нема време сега да се елаборира.....

Овие две зони понатаму во 11 век ќе се развијат во различен правец – првата кон постепено асимилирање во византискиот систем, а втората кон постепено издвојување од византиското влијание.

**4. Идентитет**

Една од пропагандните тези на Василиј при воспоставувањето на овој систем е дека тој ништо не менува а ги почитува старите воспоставени права и привилегии. Тоа е само делумно така. На практика со своите дејствија тој создава и една нова реалност, сериозно различна од она што постоела во 10 в., што од своја страна ќе доведе до сериозни промени во тоа како Ромеите ќе го гледаат тој дел на Балканот, во културна и историска смисла.

Новата административна и политичка реалност ќе игра важна улога за оформувањето на претставите на Ромеите.

- Посебната црковна организација, со различен богослужбен јазик и писмо од оние во империјата генерално (словенски и глаголица), паралелно со слабото познавање на официјалниот јазик ќе влијаат на луѓето во диецезата на архиепископијата да се гледа како на „други“, не Ромеи.

- Принос за тоа ќе имаат и други фактори: различниот даночен режим (овде пример со Власите) и послабата економска, но и културна развиеност на овие територии наспроти традиционалните делови од империјата – ќе влијае на луѓето во нив да се гледа како на варвари.

- Важен фактор ќе биде постоењето на алтернативна лојалност насочена спрема традициите и царството на Комитопулите, што ги прави луѓето во овој регион потенцијално нелојални на империјата и со тоа Ромеи под прашање.

Сето тоа ќе создаде претстава за луѓето на просторот на Охридската архиепископија како други, не сосема Ромеи.

Таа другост ќе биде изразена преку името на архиепископијата и на темата – *Вулгарија* па истите ќе бидат именувани Вулгари – намерно ја користам византиската форма, за да се избегне мешање со современи национални појави – зборувам за појава и реалност која не кореспондира со ниту една денес постоечка, појава која е временски ограничена во 11 и постепено исчезнува во 12 в.

Оваа појава и просторно не совпаѓа со ништо денес постоечко. Соодветните *Вулгари* според разбирањата на Ромеите во 11 – 12 в. живеат имено на територијата на архиепископијата. На пример во Тракија и Мизија – такви нема.

Во Мизија населението исто е гледано како неромејско, но таа различност нема да биде изразувано преку поимот Вулгари, туку преку други термини на пример: миксо-варвари.

Така се раѓа претставата дека Бугарија и тоа *целата*! се состои само од диецезата на Охридската архиепископија а Бугари се нејзините парохијани, независно од нивното потекло па така и еден Теофилакт Охридски ќе се нарече себе си Бугарин.

Како една од последиците од новата реалност е што сега во поим Бугари сега ќе се стави сосема нова содржина. Поим кој преку поврзувањето со имперска титула во претходниот период добил надетничко значење слично на Ромеи .... Но сепак за византиските автори до падот на бугарското царство во 972 г. – Бугари било име на турски народ населен во Мизија – од средината на 11 в. од времето кога во Охрид е поставен веќе првиот несловенски архиепископ забележуваме сосема друга интерпретација – Бугарите се Словените и Словените се Бугарите.

Не дека постои словенски бугарски народ, туку дека двете категории се исти. Словенскиот род е всушност бугарски. Понатаму оваа еволуција на поимот Бугари ќе продолжи при што

неговиот надетнички карактер ќе дозволи истиот да се поврзува или изедначува и со Епириоти, Кумани, Власи и други.

***Надворешно гледање наспроти внатрешна реалност***

Востанијата кревани во Мизија и оние во областа на архиепископијата се гледани и опишувани различно, нивните учесници се именувани различно во изворите, а и на практика и си поставувале различен вид на цели. Што значи дека разликата и не била само терминолошка, туку имала и реална основа.

Во случајот со поврзувањето на поимот Словени со Бугари меѓутоа изгледа зборуваме за надворешна перцепција, која не се базира и не кореспондира со локалните традиции и разбирања. Во словенските текстови од 11 – 12 в. многу јасно е изразена словенска свест и наместо поврзување наоѓаме поскоро разграничување меѓу овие два поими. *Тие идеи ќе се пробијат под византиско влијание дури во некои старословенски текстови дури кон крајот на 13 и 14 в. Оваа идеја е преку поврзана со врвот на Охридската архиепископија.*

Гледањето на просторот на Охридската архиепископија како на нешто различно и друго ќе слабее од крајот на 11 в. Исчезнувањето на специјалниот даночен режим, претопувањето на династијата и елитата на Комитопулите во византиската, ќе доведе и до крај на обидите царството на Комитопулите да се обнови. Така во 12 в. овој простор станува лојален дел на Византија и независно што поседува одредени одлики како посебна црковна организација и користење на различен јазик во црквата сепак веќе не се гледа на него како на нешто спротивставено на Ромеите ниту пак нешто толку различно.